Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 февруари 2022 година

Скопје, февруари 2022 година

# З А П И С Н И К
## од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 февруари 2022 година

Седницата започна во 16:00 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија,  Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваaа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Алдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање  и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за креирање на Националната развојна стратегија 2021- 2041, со предлог методолошка рамка

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

1. Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за креирање на Националната развојна стратегија 2021- 2041, со предлог методолошка рамка.

**Точка 2**

1. Владата го разреши Марјан Забрчанец од должноста Национален координатор за стратегиски комуникации и за спроведување на комуникациската стратегија на Владата на Република Северна Македонија.

2. Владата го именува Марјан Забрчанец за Национален координатор за Отворен Балкан и за регионални иницијативи.

3. Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија со која се утврдува коефициент за пресметување на плата на Национален координатор за Отворен Балкан и за регионални иницијативи.

4. Владата донесе Решение за утврдување коефициент за пресметување на плата на Марјан Забрчанец.

Точка 3

1. Министерот за образование и наука, д-р Јетон Шаќири ги информираше членовите на Владата за процесот на реформите во образовниот систем и сегашните состојби во врска со процесот на дигитализација на образовниот систем.

- Истовремено, Владата заклучи министерот за образование и наука ВЕДНАШ да формира работна група во состав: министер за образование и наука - координатор, министер за финансии, министер за информатичко општество и администрација, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, државниот секретар во Министерството за образование и наука, директор на Бирото за развој на образованието, директор на Педагошката служба а по потреба и директор на Бирото за јавни набавки, која да предложи соодветно решение во однос на забрзување и продолжување на процесот на дигитализирање на образовниот систем, со отстранување на недостатоците од досегашниот процес.

За ова, Министерството за образование и наука да подготви детална информација со анализа на можностите за дигитализација (недостатоци, хардвер, достапни интерактивни/дидактички материјали), која да се разгледа на седница на Владата.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:40 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Димитар Ковачевски